**УДК: 811.163.3'367.632(049.3)**

# МОНОГРАФСКИ ТРУД ЗА КАТЕГОРИЈАТА ОПРЕДЕЛЕНОСТ
## Приказ на „Јазикот и определеноста“ – монографски труд од Бобан Карапејовски (Книгоиздавателство МИ-АН, Скопје, 2023)

**Виолета Николовска**

Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија
violeta.nikolovska@ugd.edu.mk

# MONOGRAPH ON THE GRAMMATICAL CATEGORY DEFINITENESS
## Review of the monograph "Language and definiteness" by Boban Karapejovski (Published by MI–AN, Skopje, 2023)

**Violeta Nikolovska**

Faculty of Educational Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia
violeta.nikolovska@ugd.edu.mk

Монографскиот труд „Јазикот и определеноста“, од авторот Бобан Карапејовски, обработува една суштинска карактеристика на македонскиот јазик, категоријата определеност. Поднасловот на монографијата е: „Експонентите на категоријата определеност во македонскиот јазик“. Како што самиот автор вели, оваа категорија се разгледува во словенски и во балкански контекст. Се разгледуваат начините на искажување и граматикализација на оваа категорија, наспрема семантиката на нејзините показатели. *Определеноста претставува граматичка категорија тесно врзана со референцијалните карактеристики на јазикот, па поради тоа нејзините експоненти се директните врски на јазичниот со надворешниот свет, на јазикот со културата, на одделни елементи од текстот едни со други, на субјективното во јазикот, на антропоцентричното, на егоцентричното*. Оваа теза на авторот, подвелечена во првата глава на монографијата дава слика на предизвикот со кој се соочува истражувачот на категоријата определеност во јазикот. Да, таа категорија е граматикализирана информација за референцијалноста во јазичното коминике, директен показател, со морфолошки средства на референцијалната функција на јазикот. Таа е врската на јазикот со надворешниот свет, но не на план на номинација на неговите феномени, или предикација за релациите меѓу нив, туку на план на откривање на прагматички информации: дали појавата ни е веќе позната од претходната комуникација (идентификувана), дали е индивидуализирана (изделена како посебен ентитет), дали има генеричка референција, дали е тема или рема од комуникативен аспект (топик и фокус на соопштението). Субјективното, антропоцентричното, па дури како што вели авторот и егоцентричното во јазикот, во текстот, се аспекти кои може да се проблематизираат, релативизираат. Тоа го оставаме како личен став и лично гледање на авторот, но комуникатовниот и прагматичниот аспект на категоријата определеност не можат да се одбегнат во анализата. Монографијата на авторот Карапејовски дефинира од теориски аспект клучни поими кои се врзани со проблемот што го истражува авторот, како: граматичка категорија, категоријата определеност, неопределеноста како поим во општолингвистички и во македонистички контекст, поимот референција, референцијални карактеристики на именската група.

Категоријата определеност авторот ја разгледува во поширок временски контекст: дава преглед на историскиот развој на определеноста како категорија и на нејзините експоненти. Во посебна глава, централниот дел на трудот, авторот ги разгледува експонентите на категоријата определеност во современиот македонски јазик: показните заменки како експоненти и членската морфема како експонент. Определеноста се разгледува од повеќе аспекти: прашањето за тројниот член во македонскиот јазик; двојноопределените именски групи; определеноста и релативната реченица; определеноста и ономазиолошки определените именски групи; партитивноста и членот. Опфаќајќи ги прашањата поврзани со функционалната реченична перспектива и членот, авторот навлегува во прашања во врска со воспоставувањето на комуникативната хиерархија во јазичниот текст. Овде, секако,

до израз доаѓаат субјективните желби и комуникативни потреби на авторот на јазичното соопштение – коминике. Монографијата, како што рековме, има широк обем на опфаќање на категоријата определеност. Авторот посебно внимание посветува и на социјалните и на регионалните варијации во дистрибуцијата на експонентите на оваа категорија. Пред да ги изложи заклучните тези во врска со категоријата определеност и нејзините експоненти, Бобан Карапејовски се зафаќа и со проблемот на неопределеноста во македонскиот јазик, за кој во нашата лингвистика сè уште ретко се зборува (посистематски го обработуваат Лилјана Минова-Ѓуркова и Зузана Тополињска). Од експонентите на категоријата неопределеност ги споменува: отсуството на показател и заменските облици *еден* и *некој*.
Монографијата „Јазикот и определеноста" на Бобан Карапејовски е обемен труд, на речиси 300 страници, кој проблемот на определеноста / неопределеноста во македонскиот јазик го опфаќа од различни аспекти: теориски, историски, социолингвистички, семантички и од комуникативен аспект. Таа вреди да се консултира не само заради исцрпноста во прегледот на експонентите на категоријата, туку и како извор на теориски пристапи во разгледувањето на ова прашање (би ги издвоиле авторите Лајонс, Курц, Конески, Крамски). Таа е корисно четиво за љубителите на општолингвистичките и граматичките теми. Категоријата определеност е важна карактеристика на македонскиот јазик која го разликува од другите словенски јазици и претставува една од балканските црти во неговиот граматички систем. Поопсежно дело што ја обработува систематски оваа проблематика во современиот јазик немаме во ваква, монографска форма. Членот во македонскиот јазик се развил од демонстративните заменки и е во постпозиција, што е уште една важна негова карактеристика, која го разликува македонскиот јазик од други јазици, како на пример, англискиот, германскиот јазик. Членот може да се разгледува и во рамките на воспоставувањето на комуникативната хиерархија на учесниците во еден настан, површински јазично реализирани во рамките на реченицата, и од тој аспект, заедно со редоследот на зборовите во реченицата да се разгледува во рамките на изразувањето на синтаксичките односи.
Во таа смисла, овој монографски труд може да биде полезен за компаративни проучувања на морфосинтаксичкиот систем на македонскиот јазик и другите словенски, балкански и пошироко јазици од различни јазични семејства. Определеноста како категорија говорителите на другите словенски јазици во кои не е присутна потешко ја усвојуваат и поради тоа овој труд може да биде од полза и при наставата на македонски јазик како странски јазик. Монографијата „Јазикот и определеноста" од Бобан Карапејовски беше еден од предлозите за државната награда „Гоце Делчев" за особено значајни остварувања во науката за 2024 година.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Карапејовски, Б. (2023). *Јазикот и определеноста. Експонентите на категоријата определеност во македонскиот јазик.* Скопје: МИ – АН.
- Минова-Ѓуркова, Л. (1994). *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Скопје: Радинг.
- Тополињска, З. (1974). *Граматика на именската фраза во македонскиот литературен јазик.* Скопје: МАНУ.
- Тополињска, З. (1979). Кон дефиницијата на членот. *Пристапни предавања на МАНУ,* 33-40.
- Тополињска, З. (1981-82). Мак. еден – неопределен член? *Македонски јазик, XXXII – III,* 705 – 716.
- Тополињска, З. (2008). *ПОЛСКИ – МАКЕДОНСКИ Граматичка конфронтација, 8. Развиток на граматичките категории.* Скопје: МАНУ.